РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-3079/2
15-01-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен предмет оформен по пријава на познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 98-та седница одржана на ден 11.01.2023 година ја донесе следнава

**Одлука**

Постапката по предметот број 12-8429/1 од 27.09.2022 година, оформен по пријава со предлог за покренување на иницијатива за кривично гонење против ---, со наводи за измама од член 247 атв 4, член 22 став 1 како и член 45 од Кривичниот Законик, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување од причина што за предметниот случај е постапено од страна на друг орган кој постапил во рамките на своите законски надлежности и не утврдил неправилносити во работењето на ревидираните правени субјекти.

Предметот со број 12-8429/1 од 27.09.2022 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 27.09.2022 година, до ДКСК доставена е пријава заведена под број 12-8429/1 од 27.09.2022 година, по која е оформен предмет со наводи ---, со наводи за измама од член 247 атв 4, член 22 став 1 како и член 45 од Кривичниот Закон.

По разгледување на наводие од пријавата како и доставените документи во прилог на пријавата се констатира дека пријавата била доставена и до Основно јавно обвинителство на РСМ, кои постапиле по истата и е донесено Решение со кое се отфрла кривичната пријава за кривично дело Измама од 247 атв 4 в.в став 1 со член 22 в.в член 45 од Кривичниот Законик.

Незадоволенен од донесеното Решение, пријавителот достави Жалба до Вишото јавно обвинителство Скопје, кои постапиле по жалбата и е донесено Решение со кое Жалбата на жалителот не се уважува и Решението на ОЈО Кавадарци се потврдува.

Од сето погоре констатирано, ДКСК утврди дека по пријавените наводи за предметниот случај, постапено е од страна на друг надлежен орган кој постапил во рамките на своите законски надлежности.

Имајќи го предвид наведеното, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Доставено до:

- Подносителот на пријавата

Изработил: А.С.
Одобрил : Г.Т. ,член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Софка Пејовска Дојчиновска**